# АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИТЕ И ПОТРЕБИТЕ НА ЛГБТИ ЛУЃЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА, ПРАВНИТЕ УСЛУГИ И ПОЛИЦИСКОТО ПОСТАПУВАЊЕ




Имате проблем поради вашата
сексуална ориентација
или
родов идентитет?

Издавач: Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија - ЛГБТИ Центар за поддршка

За издавачот: Проф. д-р Гордан Калајџиев, Претседател

Уредник: Кочо Андоновски

Автор: Кочо Андоновски, Павле Богоевски, Андријана Гелевска, Дорјана Бојановска

Дизајн: Кома студио

Фотографија на насловна страна: Лилика Стрезоска

LGBTI центар за поддршка qendër për përkrahje support centre

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЛГБТИ Центарот за поддршка е институционално поддржан од:

SIGRID RAUSING TRUST

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

This project was funded in part through a U.S. Embassy grant. The opinions, findings, and conclusions or recommendations expressed herein are those of the implementers/authors and do not necessarily reflect those of the U.S. Government.

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторот(ите) / авторот(ите), и не ги одразуваат оние на Владата на САД.

Ky projekt është pjesërisht i mbështetur me grant nga Ambasada e SHBA-ve. Mendimet, zbulimet dhe konkluzionet ose rekomandimet e paraqitura këtu janë të implementuesit/autorëve dhe nuk i reflektojnë domosdoshmërisht ato të Qeverisë së SHBA-ve.

# СОДРЖИНА


ВОВЕД 5

МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 9

АНАЛИЗА НА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 13

АНАЛИЗА НА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ПРАВНИТЕ УСЛУГИ 21

АНАЛИЗА НА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИЦИСКОТО ПОСТАПУВАЊЕ 25

ПРЕПОРАКИ 31



Имате
поради вашата
ориентација
или
идентитет?

# ВОВЕД

Ова истражување не е направено на репрезентативен примерок, ниту има намера да претстави слика за тоа како целата ЛГБТИ заедницата го согледува сопственото место во општеството. Во нашето општество, но и пошироко, тоа е скоро невозможно. Пред сè, големата стигма која со векови ги прогонува ЛГБТИ луѓето, сеуште држи голем дел од заедницата многу скриен пред другите, а честопати и пред себеси. Особено кога зборуваме за бисексуалците, трансродните и интерсекс луѓето. Ова истражување е спроведено меѓу луѓе, низ целата територија на Република Македонија и во различни етнички и социјални средини, со оние кои се одважиле барем пред себеси да си признаат кои се и што очекуваат да им овозмож, системот во кој партиципираат (мисловно, материјално и духовно). Истражувањето е сосема анонимно и спроведено „од човек на човек". За нас како организација, која многу години ги следи движењата и ставовите во ЛГБТИ заедницата, резултатите се застрашувачки. Истражувањето покажува дека целосната партизација и ексклузивноста во која е втурнато македонското општество и институции сосема ја имаат избришано довербата во системот, институциите, можноста за правда, сугерирајќи дека ние како ЛГБТИ заедница живееме, не само на маргините, туку и како луѓе од втора класа во сопствената држава, на која ѝ плаќаме даноци за да ни ги овозможи подеднакво сите сервиси. Зборуваме тука за фрапантни бројки како 75% недовреба во полицијата дека ќе нè заштити како ЛГБТИ луѓе и нашите права, или пак 90,33% од испитаниците кои сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации кои би ни помогнале во процесот на самозастапување, практикување и одбрана на сопствените права во областа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство. Ова укажува на целосно уништен систем, систем преземен од ексклузивна „каста", која користејќи ги парите собрани преку даноци од граѓаните, ги понижува, застрашува и маргинализира истите тие граѓани.

Со години наназад, невладините организации кои се бават со прашања од интерес за ЛГБТИ луѓето во Македонија, бројни експерти и меѓународни организации тврдат дека правниот систем, но и практиката на институциите не обезбедуваат доволна заштита на правата и слободите на ЛГБТИ луѓето. Ова истражување е првиот систематски обид на национално ниво за детално статистичко испитување на ставовите и перцепциите на ЛГБТИ луѓето за таргетираните, проблематични области и механизми за заштита. Досегашното искуство на ЛГБТИ Центарот за поддршка покажа дека, во поглед на заштитата на човековите права и слободи, ЛГБТИ луѓето во РМ соочуват со најголеми проблеми во областа на дискриминацијата и пристап до социјалните услуги; насилството, семејното насилство и институционалната заштита и полицискиот третман како и пристап до полициска заштита.

Така, истражувањето покажа дека дури 39% од испитаниците сметаат дека биле жртви на дискриминација во процесот на остварување на правата од социјална заштита (социјална превенција, здравствена заштита, социјална парична помош, право на социјално домување, еднократна парична помош или материјална помош). Меѓутоа дополнителен проблем претставува ниската стапка на пријавување на перципираната дискриминација, каде од оние кои сметаат дека

биле дискриминирани, само 17,6% ја пријавиле дискриминацијата во Центрите за социјални работи, а 7,8% во невладина организација. Останатите 74,6% воопшто не го пријавиле случајот. Понатаму, безмалку ист дел, 38,6% од испитаниците сметаат дека биле дискриминирани на нивното работно место поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет (СОРИ). Една четвртина сметаат дека не биле унапредени на работното место поради нивната СОРИ, една четвртина дека добиле отказ од работното место, 27,7% дека не биле вработени поради нивната СОРИ, додека 22,3% навеле друг облик на дискриминација. Од тие кои сметаат дека биле дискриминирани, дури 90% не ја пријавиле дискриминацијата во ниту една институција или организација.

Дури 65,9% од испитаниците одговориле дека во нивниот досегашен живот биле жртва на насилство поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет. Од нив, 21.87% одговориле дека биле жртва на физичко насилство, 42.5% одговориле дека биле жртва на психолошко насилство, 29.37% одговориле дека биле жртва на вербално насилство и 6.25% одговориле дека биле жртва на сексуално насилство. Загрижувачки е податокот дека 18% од жртвите на насилство, биле жртви на најмалку три типа на насилство. Повторно, карактеристичен е проблемот на непријавување, каде дури 71,27% од ЛГБТИ жртвите на насилство не го пријавиле случајот во ниту една институција или организација. Секој трет ЛГБТИ човек бил жртва на семејно насилство поради неговата/нејзината сексуална ориентација и/или родов идентитет. Во однос на претпреното насилство, значајно е и да се спомене дека секое шестто ЛГБТИ лице во Македонија смета дека претрпело примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеник.

При анализата на податоците од истражувањето, тимот на ЛГБТИ Центарот за поддршка забележаа еден проблем кој беше карактеристичен за сите области. Проблемот на непријавување на случаи каде ЛГБТИ луѓето сметаат дека се виктимизирани. Една од целите на истражувањето беше да ја утврди стапката на непријавување кај различните области, како и причините за тоа. Највисока стапка на непријавување постои кај случаите на перцепирана дискриминација на работното место, каде дури 90% од испитаниците кои се сметаат за дискриминирани, не го пријавиле случајот. Кај користењето на услуги од областа на социјалната заштита, 74,6% од испитаниците не ја пријавиле дискриминацијата која сметаат дека ја доживеале. Меѓутоа, стапката на непријавување не се однесува само на перципираната дискриминација, туку и во случаите каде ЛГБТИ луѓето претрпеле насилство поради нивната сексуална ориентација или родов идентитет. Дури 71,27% од испитаниците кои биле жртва на насилство не го пријавиле случајот во ниту една институција или организација. Кај семејното насилство, стапката на непријавување е 66,7%. Изненадувачки е податокот каде многу повисок процент од испитаниците се одлучуваат да пријават доколку сметаат дека биле жртва на неоснована и прекумерна примена на полициска сила. Од испитаниците кои сметаат дека врз нив било применето неоснована и прекумерна полициска сила во полициска станица, „дури" 47,83% од испитаниците се охрабриле да го пријават случајот. Истражувањето покажа и дека доколку неоснованата и прекумерната примена на полициска сила се случи надвор од полициската станица, тогаш ЛГБТИ луѓето се чуствуваат уште поохрабрени да го пријават случајот. На ова прашање, дури 76,64% од испитаниците одговориле дека ја пријавиле неоснованата и прекумерната примена на полициска сила во некоја институција или организација.

Исто така, може да се забележи и заедничка карактеристика во причините за непријавување на случаите каде ЛГБТИ луѓето сметаат дека се виктимизирани. Кај сите области, најчестата причина поради која жртвите не пријавуваат е недовербата дека институциите ќе го решат случајот. Во областа на социјалната заштита, 45,28% од испитаниците кои сметаат дека биле дискриминирани, не го пријавиле случајот поради тоа што немаат доверба во институциите. Кога ЛГБТИ луѓето се жртви на насилство и не го пријавуваат случајот, кај 35,89% од испитаниците причината е недовербата во институциите дека ќе го решат случајот. Кај семејното насилство, оваа стапка е уште пониска, односно само 26,6% од испитаниците не го пријавиле случајот поради недоверба во институциите. Карактеристично за виктимизираноста од насилсво во однос на онаа од дискриминација е тоа дека причините за непријавување се подеднакво распределени. Околу една третина од испитаниците не го пријавиле случајот поради тоа што веруваат дека ќе имаат штетни последици доколку го сторат тоа, а исто толку поради тоа што не им е пријатно да да зборуваат со државни институции во врска со нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет. Кога станува збор за непријавување на дискриминација, на жртвите им е многу полесно да разговараат со државните институции во врска со нивната сексуална ориентација и/

или родов идентитет, отколку кога станува збор за претрпено насилство.

Во однос на насилтвото претпено од полициски службеници, податоците се повторно специфични. Имено, иако стапката на непријавување е најниска кај случаите на прекумерна и неоснована примена на полициската сила, стапката на непријавување поради недоверба е највисока. Дури 64,7% од испитаниците немаат доврба дека полицијата ќе го реши случајот доколку тоа се случило надвор од полициска станица, а уште повеќе, односно 69,24% од испитаниците немаат доврба дека полицијата ќе го реши случајот доколку тоа се случило во полициската станица.

Во однос на генералниот став на ЛГБТИ луѓето кон полицијата, 75,4% од испитаниците се изјасниле дека немаат доверба во полицијата дека ќе ги заштити нив и нивните права кога ќе имаат потреба од тоа. Дури 90,33% од испитаниците сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации кои би им помогнале во процесот на самозастапување, практикување и одбрана на нивните права во обласа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство.


Имате
поради вашата
ориентација

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основната цел на ова истражување е да ги идентификува перцепциите и ставовите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија во врска со најчестите пречки и предизвици со кои се соочуваат при практикувањето и заштитата на нивните човекови слободи и права. Досегашното искуство на ЛГБТИ Центарот за поддршка покажа дека, во поглед на заштитата на човековите права и слободи, ЛГБТИ луѓето во РМ се соочуват со најголеми проблеми во областа на дискриминацијата и пристап до социјални услуги; насилство, семејно насилство и институционална заштита; и полициски третман и пристап до полициска заштита. Врз основа на тоа, прашалникот беше структуиран во три дела, кои кореспондираат на идентификуваните области.

Во поглед на географската распространетост на истражувањето, тоа беше спроведено во шест градови во Република Македонија и тоа: Скопје, Тетово, Битола, Куманово, Прилеп и Струмица. Истражувањето се спроведуваше во периодот од 28.09.2015 до 20.10.2015 година.

При креирање на методологијата на истражувањето, тимот на ЛГБТИ Центарот за поддршка се определи за опфаќање на опортунитетен примерок од вкупната ЛГБТИ популација во Македонија. Основната причина за овој избор е фактот дека во селектираните градови веќе постојат активистички јадра на ЛГБТИ луѓе, со кои Центарот има веќе воспоставена комуникација и соработка. Вкупно, тимот дисеминираше сто и четириесет прашалници, односно во секој од селектираните градови беа испратени по дваесет прашалници, со исклучок на Скопје. Во Скопје беа испратени вкупно четириесет прашалници, од кои дваесет за населбата Шуто Оризари (врз основа да досегашното искуство на Центарот, ЛГБТИ луѓето кои живеат во оваа населба се соочуваат со специфични проблеми, карактеристични за нив), а останатите дваесет за остатокот од градот.

Од вкупно испратените 140 прашалници, анкетарите од терен вратија 134 пополнети, односно 95,71% од дисеминираните прашалници. Теренските анкетари во Скопје успеале да пронајдат само 15 ЛГБТИ луѓе кои сакале да го пополнат прашалникот (75% од вкупниот број прашалници за Скопје), а анкетарите од Тетово само 19 ЛГБТИ луѓе (95% од вкупниот број прашалници за Тетово). Анкетарите од станатите градови и населбата Шуто Оризари вратија 100% пополнети прашалници. Процентот на одговори на одделните прашања е различен и варира во зависност од типот на прашањето. Голем дел од прашањата имаат низок процент на одговореност во однос на вкупниот примерок, но причината на тоа е дека тие прашања се однесуваат на зависни варијабли. Така, на пр. прашањето бр. 2 гласи: „Дали сметате дека сте биле жртва на дискриминација во процесот на остварување на правата од социјална заштита...“ (независна варијабла во истражувањето), и на него одговориле 88% од испитаниците. Прашањето бр.3 гласи: „Доколку сметате дека сте биле, наведете дали истото го имате пријавено во надлежна државна институција или организација?“ (зависна варијабла – зависи од одговорот на прашањето бр.2), и на него одговориле многу помал дел од испитаниците, односно само оние кои сметаат дека биле дискриминирани. Прашањето бр.4 пак, гласи „Доколку не сте го пријавиле случајот, која е причината за тоа?“ (уште една зависна варијабла во истражувањето, која зависи од одговорот на прашањето бр.3) и на него имаат одговорено уште помал број од испитаниците, односно само оние кои сметаат дека биле дискриминирани, а не го пријавиле случајот. Поради ваквата природа на прашањата, при анализата на податоците од прашањата кои се однесуваат на зависните варијабли се зема во предвид само делот од испитаниците кои одговориле на прашањето кое е предмет на анализа. Деталите за тоа колкав процент од испитаниците одговориле на одделните прашања се претставени во Табелата бр.1.

Табела **бр.1**

| Прашање бр. | % Од испитаници кои одговориле | Прашање бр. | % Од испитаници кои одговориле | Прашање бр. | % Од испитаници кои одговориле |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 100% | 22. | 23,1% | 43. | 70,97% |
| 2. | 88% | 23. | 26,9% | 44. | 73,33% |
| 3. | 47% | 24. | 91,8% | 45. | 77,56% |
| 4. | 35,8% | 25. | 38,8% | 46. | 14,81% |
| 5. | 93,28% | 26. | 29,1% | 47. | 17,91% |
| 6. | 78% | 27. | 12,7% | 48. | 10,45% |
| 7. | 89,5% | 28. | 12,7% | 49. | 85,07% |
| 8. | 72% | 29. | 12,7% | 50. | 21,64% |
| 9. | 85% | 30. | 85% | 51. | 15,67% |
| 10. | 85,8% | 31. | 32% | 52. | 28,36% |
| 11. | 44,7% | 32. | 36,5% | 53. | 21,64% |
| 12. | 35% | 33. | 34,3% | 54. | 41,79% |
| 13. | 94,77% | 34. | 4,5% | 55. | 91,79% |
| 14. | 94,77% | 35. | 8,2% | 56. | 37,31% |
| 15. | 93,28% | 36. | 87,3% | 57. | 22,39% |
| 16. | 85% | 37. | 66,7% | 58. | 50% |
| 17. | 98% | 38. | 85% | 59. | 8,96% |
| 18. | 66,41% | 39. | 96,3% | 60. | 16,42% |
| 19. | 67,19% | 40. | 78,3% | 61. | 8,95% |
| 20. | 51,5% | 41. | 35,8% | 62. | 93,33% |
| 21. | 20,1% | 42. | 74,6% | 63. | 92,54% |

**Вкупно одговорени прашалници: 134/140 – 94,71%**

Од вкупно 134 учесници кои го одговорија прашалникот, во однос на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, најголем процент или 49.38% се идентификуваат како геј мажи, 24.6% се идентификуваат како бисексуални лица, помал процент се идентификуваат како лезбејки или 16.4%, како трансродови лица се идентификувале 5.22%, со одговор „друго" се идентификувале 3.7% и само 0.7% се идентификуваат како интерсексуални лица. Овие бројки говорат за целосна застапеност на ЛГБТИ заедницата во ова истражување, што како последица дава меродавни резултати на наредните одговори во прашалникот.

Графички приказ на податоци:

**Во однос на вашата сексуална ориентација Вие се идентификувате како?**




Имате
поради вашата
ориентација
или
идентитет?

# АНАЛИЗА НА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Прашалникот во делот за истражување на достапноста на социјалните услуги за ЛГБТИ заедницата содржи вкупно 15 прашања, каде се опфатени следниве теми за истражување: дискриминација, социјални услуги во локална заедница, социјални услуги во институција и НВО.

Првата група прашања од областа на социјалната заштита се однесува на застапеност на дискриминацијата кај ЛГБТИ заедницата во процесот на користење на права од социјалната заштита (социјална превенција, здравствена заштита, социјална парична помош, право на социјално домување, еднократна парична помош или материјална помош) и пријавувањето на дискриминацијата во надлежните институции. Според добиените одговори од страна на учесниците, 61% одговориле дека не биле дискриминирани при користење на права од социјалната заштита, додека 39% биле дискриминирани при користење на права од социјална заштита.

**Дискриминација на ЛГБТИ заедницата при користење на права од Социјална заштита**




Од оние кои биле дискриминирани при користење на правата од социјална заштита (39% од учесниците кои учествувале во истражувањето), 74.6% одговориле дека дискриминацијата ја немаат пријавено, 17.6% ја пријавиле во Центар за социјална работа и 7.8% одговориле дека пријавиле во НВО.

## Пријавување на дискриминација




Ваквата процентуална застапеност не информира дека луѓето од ЛГБТИ заедницата не пријавуваат дискриминација и со тоа ја изразуваат својата недоверба во институциите надлежни за решавање на овој проблем.

Овие графички прикази нужно ја изразуваат потребата од сензибилизација на вработените во државните институции за работа со прашања кои произлегуваат од потребите и проблемите со кои се соочува ЛГБТИ заедницата во нашата земја.

Корисниците на права од Социјална заштита кои биле дискриминирани 74.6% и кои ја немаат пријавено дискриминацијата, како главни причини за непријавување ги наведуваат следниве: 45.28% одговориле дека немаат доверба во институциите дека ќе им го решат проблемот, 33.96% сметаат дека доколку пријават истото ќе има штетни последици. Мал процент од 16.98% одговориле дека им е непријатно да зборуваат со државни институции во врска со нивната сексуална ориентација и или родов идентитет и 3.77% одговориле со опцијата „друго".

## Причини за непријавување на дискриминација



Петтото и шестото прашање во прашалникот се однесуваат на користењето на социјални услуги во локална заедница (Клубови за стари и возрасни лица, дневни болници, центри за рехабилитација, центри за ресоцијализација, транспортни услуги, краткорочен престој во дневни центри, народни кујни, советувалишта, тераписки центри, СОС-линии, центри за образовна поддршка, центри за ментално здравје). Исто така како понудени одговори се и опциите дека не користат социјални услуги и покрај потребата да користат некоја од нив, што ни говори за малата информираност на ЛГБТИ заедницата од областа на социјалната заштита и за услугите кои се нудат. Од евалуацијата на дадените одговори на ова прашање, произлегуваат следниве процентуални износи: 27.54% се изјасниле дека не користеле социјална услуга во локална заедница а 16.6% дека не користеле социјална услуга иако имале потреба од тоа. Останатите процентуални износи се распределени во останатите 12 социјални услуги во локална заедница, меѓу кои најчесто се сретнува користењето на Дневни болници со застапеност од 14.3%, Транспортни услуги со 11.97% и користењето на социјална услуга- Народни кујни со застапеност на корисници од 7.18%. Од ова како заклучок следува дека од вкупно 134 испитаници, 56% користат социјални услуги во локална заедница, додека 44% не користат социјални услуги во локална заедница.

**Користење на социјални услуги во Локална заедница**




Во однос на дискриминацијата при користење на социјални услуги во локална заедница, сведоци сме на следниве бројки: 22.5% биле жртви на дискриминација при користење на социјални услуги во локална заедница, додека 29.7% не биле жртви на дискриминација при користење на социјалните услуги во локална заедница, исто така има и корисници кои немале потреба од користење на социјални услуги во локална заедница, такви се 27.9% од учесниците и 18.9% кои не користеле социјална услуга, иако имале потреба од тоа. Можеме да заклучиме дека има мала разлика во процентуалниот износ на луѓе корисници на социјални услуги и оние кои не ги користат воопшто услугите и покрај потребата од тоа.

## Дискриминација при користење на социјални услуги во Локална заедница




Седмото и осмото прашање го истражуваат користењето на социјалните услуги во институција (престој во домови, домување-конгрегација, помогнато домување, заштитено домување, тераписки групни домови, куќа на пола пат, куќи за опоравување од болести на зависност) и дискриминацијата при користење на социјалните услуги во институција. Според одговорите од страна на учесниците, 94.23% не користеле социјална услуга во институција и само 5.77% користеле. Овој процентуален износ, говори за многу малата информираност на ЛГБТИ заедницата за социјалните услуги кои во институција кои се нудат во Законот за социјална заштита. Прашањето број осум се надополнува на ова прашање и дава поглед кон степенот на застапеност на дискриминација при користење на социјалните услуги во институција. Кај оној мал процент од 5.77% учесници кои одговориле дека се корисници на социјална услуга во институција, не е забележано присуство на дискриминација.

## Користење на социјални услуги во Институција



Споредбата направена на дискриминацијата врз ЛГБТИ заедницата при користење на социјални услуги во Локална заедница и во Институција ни дава јасен приказ дека нема перцепција на дискриминација при користење на социјални услуги во Институција, иако процентот на оние кои користеле е многу мал и изнесува само 5.77%. Можеме да забележиме дека ЛГБТИ заедницата пројавува проблем со дискриминација само кај користењето на социјални услуги во локална заедница. Ова произлегува од фактот дека услугите кои се реализираат во локална заедница се најчесто со групно присуство. Групното присуство им овозможува на луѓето од ЛГБТИ заедницата да остварат директна перцепција на сторената дискриминацијата од страна на службениците во институција, правејќи паралела на односот кој службениците го имаат со нив и со останатите корисници на социјални услуги.

## Графички приказ на податоци за споредбата на користење на социјални услуги во институција и локална заедница:




Овој приказ не информира дека поголем број од учесниците во истражувањето користеле услуги во Локална заедница,наспроти оние кои користеле услуги во Институција.

Прашалникот го истражува и односот на стручната служба кон ЛГБТИ заедницата при остварувањето на права од социјалната заштита, каде 50% од учесниците изјавиле дека се задоволни од односот на стручната служба и 50% изразуваат незадоволство од односот на стручната служба при користењето на услуги од социјалната заштита (социјални услуги во институција и социјални услуги во локална заедница).

## Односот на стручната служба при користење на услуги од Социјална заштита



Од оние 50 % кои изразиле незадоволство од односот на стручната служба, во прашањето број десет ги наведуваат причините за незадоволство, а тоа се следниве: 47.36% од учесниците одговориле дека имаат забелешка на неефикасното и ненавременото постапување на стручната служба , 26.32% одговориле дека службениците имаат несоодветен однос поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет и 26.32% одговориле дека се дискриминирани поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет.

## Причини за незадоволство од односот на стручната служба




Овие податоци говорат дека учесниците кои изјавиле незадоволство при користење на социјалните услуги, дискриминацијата и несоодветниот однос поради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет е застапен со 52.64% што ја отсликува несензибилизираната стручна служба за ЛГБТИ прашања, која работи во институциите за социјална заштита во нашата земја.

Одговорите на прашањата кои го истражуваат пријавувањето на дискриминацијата при користење на социјални услуги во институција и локална заедница, доведуваат до следниве податоци; од вкупен збир од 61.77% фомиран преку одговорите на учесниците кои користеле социјална услуга во локална заедница и во институција само 32% ја пријавиле дискриминацијата додека 68% не пријавиле дискриминација во надлежна институција.

## Пријавување на дискриминација (од вкупен збир на корисници на социјални услуги во локална заедница и во институција)



Овој податок не информира дека постои повисок степен на непријавување на дискриминацијата од страна на ЛГБТИ која се случува при користење на услуги од социјална заштита.

Причините за непријавување на дискриминација се следниве: 53.7% одговориле дека немаат доверба во институциите дека ќе им го решат проблемот, 27.7% веруваат дека пријавувањето ќе предизвика штетни последици, 11.11% одговориле дека им е непријатно да зборуваат за својата сексуална ориентација и/или родов идентитет и 7.4% одговориле со опција „друго".

## Причини за непријавување на дискриминација при користење на услуги од Социјална заштита




Невладиниот сектор и неговата улога во остварувањето на права од социјална заштита кај ЛГБТИ заедницата, е опфатен со неколку прашања, кои ја истражуваат застапеноста на институции или организации кои нудат психо-социјална поддршка и институции или организации кои обезбедуваат доволно информации за користење на правата од социјалната сигурност и заштитата. Од добиените одговори: 28.35% одговориле дека во нивното место на живеење има организација или институција која се занимава со прашањата поврзани со проблемите на ЛГБТИ заедницата додека 71.65% немаат таква информација или таков вид на организација или институција воопшто и не постои.

## Застапеност на НВО кои се занимаваат со прашања и проблеми на ЛГБТ заедницата во местото на живеење



Процентуалната застапеност за постоење на организација или институција која нуди психо-социјална поддршка е во следниов соодност: 28% одговориле дека постои таков вид на организација или институција, додека 72% одговориле негативно.

## Застапеност на граѓански организации за психо-социјална поддршка во местото на живеење




Овие податоци говорат за малата достапност на информации до ЛГБТИ заедницата за користење на услугите од социјалната заштита што ја зголемува бројката на лица во социјален ризик.

# АНАЛИЗА НА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ПРАВНИТЕ УСЛУГИ

Прашањата од 17 до 39 се однесуваат на состојбата на дискриминација на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија и остварување на нивните права во врска со насилство вклучувајќи и семејно насилство, работните односи и нивната доверба во граѓанските здруженија како и во државните институции. Врз основа на резултатите и анализа на одговорите на овие прашања може да се изведат неколку заклучоци.

Она што е заедничко и клучно во сите сфери е процентот на непријавување на насилството или дискриминацијата во релевантните институции или непријавувањето на незадоволството од третманот во институциите на оние кои пријавиле.

Така 65,9% од оние кои одговориле сметаат дека биле жртви на насилство поради својата СОРИ а, дури 71,27% од нив не го пријавиле насилството. Од оние 34,9% пак кои го пријавиле насилството во релевантните институции 85,2% не се задоволни од третманот на институциите и тоа 63,2% од нив поради тоа што доживеале дискриминација или несоодветен однос од страна на службениците поради нивната СОРИ. Загрижувачки е фактот што пак 77,8% од оние кои не биле незадоволни од третманот своето незадоволство не го пријавиле.

**Дали сметате дека сте биле жртва на насилство заради Вашата сексуална ориентација и/ или родов идентитет?**




**Дали го пријавивте насилството извршено врз вас?**



## Доколку сте пријавиле насилство и не сте задоволни од третманот, имате забелешки во однос на:




Слична ситуација се јавува и кај оние кои одговориле дека биле жртви на семејно насилство. Така 36,5% од испитаниците одговориле дека сметаат дека биле жртви на семејно насилство порди својата СОРИ, од кои дури 66,7% не го пријавиле насилството во релевантните институции. Од оние 33,3% пак кои го пријавиле насилството во релевантните институции 88,3% не се задоволни од третманот на институциите и тоа 65% од нив поради тоа што доживеале дискриминација или несоодветен однос од страна на службениците поради нивната СОРИ. Повторно и тука дискриминацијата или несоодветниот однос од страна на службениците не го пријавиле 70,6% од нив.

## Дали сметате дека сте биле жртва на семејно насилство заради Вашата сексуална ориентација и/или родов идентитет?




## Доколку сте пријавиле семејно насилство и не сте задоволни од третманот, имате забелешки во однос на:



Од горенаведеното може да се заклучи дека иако постои голем степен на насилство врз основа на СОРИ, без разлика дали е во рамки на семејството или надвор од него, односно во било кој домен на живеењето на ЛГБТИ луѓето, тие се обесхрабрени истото да го пријават. Според ова истражување најчести причини поради кои жртвите не ги пријавуваат овие случаи се недовербата во институциите или поради тоа што им е непријатно да разговараат со службениците во институциите во врска со својата СОРИ. Ова претставува голем проблем. Поради непријавувањето не постојат документирани случаи на насилство и се создава вештачка слика дека насилство врз основа на СОРИ не постои во Република Македонија, иако како што може да видиме од резултатите реалноста е сосема поинаква. Втор голем проблем се јавува кога ваквите случаи се пријавуваат од страна на жртвите во надлежните институции. Како што може да се воочи од резултатите имаме над 80% незадоволство од третманот од страна на службениците врз жртвите и тоа над 50% одговориле дека тоа незадоволство се однесува на дискриминација и несоодветен однос врз основа на СОРИ. Повторно бидејќи ова незадоволство не се пријавува се создава погрешна слика дека во рамки на институциите и од страна на вработените во нив дискриминација на жртвите врз основа на СОРИ не постои. Тука исто така мора да се потенцира дека незадоволството кај оние кои решиле и пријавиле а, кое постои во огромен број случаи, уште повеќе ги обесхрабрува и другите жртви да пријават и исто така и самите жртви доколку повторно бидат жртви.

Кога станува збор за дискриминацијата врз основа на СОРИ во работните односи 38,6% од испитаниците одговориле дека сметаат дека биле дискриминирани. Истражувањето покажува дека дискриминацијата скоро подеднакво ја почувствувале во сите домени на работните односи (невработување, отказ од работно место, унапредување). Од нив 90% не ја пријавиле дискриминацијата во релевантните институции. Од тие малкумина кои пријавиле пак, 83,3% не се задоволни од третманот на институциите и тоа повторно 65% од нив поради тоа што доживеале дискриминација или несоодветен однос од страна на службениците поради нивната СОРИ.

**Дали сметате дека сте претрпеле дискриминација на Вашето работно место заради Вашата сексуална ориентација и/или родов идентитет?**




**Доколку сметате дека сте биле дискримнирани на Вашето работно место, дали тоа го пријавивте во надлежна државна институција или здружение?**



## Доколку сте ја пријавиле дискриминацијата и не сте задоволни, имате забелешки во однос на:




Во однос на користење на услугите кои ги нудат НВО и степенот на доверба во нив резултатите од истражувањето покажуваат дека само 12,8% од испитаниците кои го одговориле ова прашање се обратиле во НВО за правна помош. Од нив 66,7% се задоволни од услугите кои им ги пружиле НВО. На прашањето дали имаат доверба во НВО да им помогнат во остварување на своите права 54,4% одговориле дека имаат додека 44,6% одговориле дека немаат доверба. Високиот процент на оние кои не се обратиле до НВО може да се објасни доколку се земат во предвид два фактора. Прввиот фактор е сконцентрираноста на НВО во главниот град, што ги прави овие услуги скоро недостапни за лицата од другите градови во Македонија. Втор фактор претставува фактот дека последните неколку години НВО се константно во фокусот на медиумите кои ги претставуваат како странски платеници, државни непријатели, перални на пари и слично а, со тоа го нарушуваат угледот на организациите и ги дискредитираат. Ако се земат во предвид овие два фактора нискиот процент на испитаници кои се обратиле во НВО не е воопшто зачудувачки. Истото се однесува и за довербата.

## Дали сте се обратиле за бесплатна правна помош до граѓанско здружение?




## Дали имате доверба во граѓанските здруженија да Ви помогнат во оствраруване и заштита на Вашите права?



# АНАЛИЗА НА ПРАШАЊА ОД ОБЛАСТА НА ПОЛИЦИСКОТО ПОСТАПУВАЊЕ

Во областа на полицискиот третман и полициската заштита, структурата на акетниот прашалник и истражувањето беше фокусирана на неколку групи на прашања:

1. Полициско постапување со ЛГБТИ луѓе; Оваа група прашања се однесува на однесувањето на полицијата кон ЛГБТИ луѓето во и надвор од полициската станица. Исто така, оваа група прашања го испитува и начинот на примена на одделни полициски овластувања врз ЛГБТИ луѓе.
2. Полициски третман на ЛГБТИ жртви; Оваа група на прашања се фокусира на отвореноста на ЛГБТИ луѓето за слободна комуникација со полицијата кога се жртви на кривични дела и на начинот на кои биле третирани од полициските службеници кога го сториле тоа.
3. Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИ луѓе. Оваа група прашања се фокусира на перцепцијата на ЛГБТИ луѓето за примената на полициска сила врз нив, како и за причините за тоа.
4. Пријавување на случаи на примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници и довербата кај ЛГБТИ луѓето во полицијата. Оваа група прашања се фокусира на подготвеноста кај ЛГБТИ луѓето за користење на заштитните механизми во случај на виктимизација од страна на полицијата и довербата во полицјата како институција и во нејзината ефективност и ефикасност како заштитник на човековите слободи и права.

**Полициско постапување со ЛГБТИ луѓе**

Што се однесува на контактот на ЛГБТИ луѓето со полициските службеници, 78,3% од испитаниците се изјасниле дека имале некаков контакт со полициски службеници надвор од полициската станица. Од тие кои имале контакт, само 45,8% одговориле дека се задоволни од односот на полициските службеници кон нив. Од испитаниците кои не се задоволни од односот на полициските службеници надвор од полициската станица, 37,7% одговориле дека имаат забелешки во однос на дискриминација заради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет, 31,2% одговориле дека имаат забелешки во однос на ненавеworker и неефикасно постапување (одолговлекување на случајот или недобивање на одговор) а 31,1% наведуваат несоодветен однос на службенците заради нивната сексуална ориентацаија и/или родов идентитет.

Што се однесува на контактот на ЛГБТИ луѓето со полициски службеници во полициска станица (по секој друг основ освен во својство на жртва на кривично дело), 26,82% од испитаниците одговориле дека биле повикани како сведок, 8,13% како осомничени, а 6,5% биле повикани во својство на сведоци и биле повикани во својство на осомничени. Од тие кои биле повикани во полициска станица во својство на осомничени или сведоци, само 46% се задоволни од односот на полициските службеници кон нив. Во однос на причините за незадоволството, 48,65% од испитаниците кои одговориле на ова прашање имаат забелешки во однос на дискриминација врз основа на нивната сексуална ориентација или родов идентитет, 32,43% во однос на ненавремено и неефикасно постапување од страна на полициските службеници, а останатите 18,92% се изјасниле дека се незадоволни поради несоодветниот однос на полицискиот службеник заради нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет.

## Задоволство од односот на Полициските службеници кон ЛГБТИ луѓето




## Причини за незадовослтво од односот на Полициските службеници




Како заклучок, може да се спомене дека полициските службеници полесно дискриминираат, но затоа потешко се одлучуваат за примена на некоректен однос кон ЛГБТИ луѓето доколку се во полициска станица.

Во однос на примената на конкретни полициски овластувања, истражувањето се фокусираше на овластувањата легитимирање на полицискиот службеник (како се вика и/или од која полициска станица / организациска единица е), преглед и претрес. Од испитаниците кои одговориле дека имале контакт со полицски службеници надвор од полициската станица, 23% се изјасниле дека полициските службеници се легитимирале самоиницијативно, 21% се изјасниле дека полициските службеници се легитимирааа откако тие го побарале тоа, 40% се изјасниле дека полициските службеници не се легитимирале, но испитаниците не го побарале тоа од нив, а 16% одговориле дека полициските службеници не се легитимирале, иако тие го побарале тоа од нив. 72,63% од испитаниците, при контактот со полициски службеници надвор од полициска станица биле подложни на преглед (визуелна проверка на лицето, облека и багажот, без физички контакт), а 27,38% не биле подложни на преглед. Посебно интересни се податоците за примената на претресот (физичка проверка на лицето, облеката и багажот, со физички контакт и непосреден увид во облеката и багажот) надвор од полициската станица. Имено, ниту еден/а од испитаниците не одговориле дека биле претресени, а дека при претресеот полициските службеници им покажале наредба од суд. 44,44% од тие што одговориле, се изјасниле дека биле претресени, но дека при тоа, полициските службеници не им покажале наредба од суд, што е спротивно на законските прописи. 55,56% од испитаниците кои одговориле се изјасниле дека досега не им бил извршен претрес надвор од полициска станица.

### Полициски третман на ЛГБТИ жртви

36,97% од испитаниците, во текот на својот живот имаат пријавено случај каде биле жртва на кривично дело. 15,7% пријавиле случај на телефонскиот број 192, а 21,9% во полициска станица. Од оние кои пријавиле случај каде биле жртва на кривично дело на телефонот 192, само 27,59% се задоволни, додека останатите 72,41% не се задоволни од односот на полицискиот диспечер. Процентот на незадоволство е повисок доколку пријавувањето е направено во полицикста станица, каде дури 78,95% од оние кои пријавиле, не се задоволни од односот на полицскиот службеник.

## Задоволство од односот на полицискиот диспечер / службеник при пријавување на кривично дело




Во однос на причините за незадоволството од полицискиот диспечер/службеник кој ја примил пријавата, карактеристично е тоа што перцепираната дискриминација е позастапена кај пријавите во полицискaта станица. Имено, 21,87% од испитаниците кои го пријавиле случајот на телефонот 192 имаат забелешки во однос на дискриминација врз основа на нивната сексуална ориентација или родов идентитет, за разлика од 30,77% кои имаат забелешки во однос на дискриминација врз основа на нивната сексуална ориентација или родов идентитет при пријавувањето на случајот во полициската станица.

## Причини за незадоволство од односот на полицискиот диспечер / службеник при пријавување на кривично дело



Разликата во незадоволството и во перцепираната дискриминација може да се толкува преку фактот дека кога жртвата лично го пријавува кривичното дело, тогаш за полициксиот службеник се забележливи и нејзините карактеристики на сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет и изразување, што ги прави жртвите поподложни на дискриминација. И во двата случаи, безмалку е идентична стапката на незадоволство поради ненавремено и неефикасно постапување од страна на полицискиот диспечер / службеник (45,71% / 44,23%).

**Примена на неоснована и прекумерна сила од страна на полициски службеници врз ЛГБТИ луѓе**

Во однос на перцепцијата кај ЛГБТИ луѓето за примена на неоснована и прекумерна полициска сила од страна на полициски службеници, 15,69% од испитаниците се изјасниле дека сметааат дека врз нив било применета неоснована и прекумерна сила надвор од полициската станица. Овој број е малку повисок доколку примената на неоснованата и прекумерна полициска сила е во полициската станица, односно 17,91% од испитаниците се изјасниле дека биле жртви на прекумерна и неоснована полициска сила во полициска станица. Овој податок може да се толкува преку затвореноста на полициската станица и отсуството на потенцијални сведоци, поради што полициските службеници полесно би можеле да применат прекумерна или неоснована сила. И во двата случаи, 75% од испитаниците кои се изјасниле дека врз нив било применето прекумерна и неоснована полицикса сила, сметаат дека токму нивната сексуална ориентација и/или родов идентитет е причината за тоа.

## (Не)Пријавување на кривични дела и случаи на примена на неоснована и прекумерна сила




**(Не)Пријавување на кривични дела и случаи на примена на неоснована и прекумерна сила**

Дури 41,79% од испитаниците се изјасниле дека во нивниот досегашен живот сметаат дека биле жртви на кривично дело, но дека не го пријавиле случајот. Од нив, 27,12% одговориле дека веруваат дека ќе имаат штетни последици доколку го пријават случајот, дури 69,49% немаат доверба дека полицијата ќе го реши случајот, а останатите 3,39% навеле друга причина за непријавувањето на случајот.

## (Не)Пријавување на кривични дела




## Причини за непријавување на кривично дело




Посебно е интересен податокот дека во однос на другите облици на виктимизација, ЛГБТИ жртвите најлесно се одлучуваат да го пријават случајот на прекумерна и неоснована примена на полициска сила. Но, истовремено загрижува и фактот дека ЛГБТИ луѓето, иако најчесто пријавуваат, имаат најмалку доверба во полицијата како институција дека ќе го реши случајот.

45,92% од испитаниците кои сметаат дека биле жртви на прекумерна и неоснована примена на полициска сила надвор од полициската станица не го пријавиле случајот. Само 4,16% од испитаниците кои одговориле, се изјасниле дека случајот го пријавил/а на телефонот 192, а 12.43% дека тоа го сториле во полициска станица. Понатаму, 33,28% од испитаниците кои одговориле, случајот го пријавиле во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, а само 4,16% дека се обратиле во невладина организација.

Повторно, стапката на непријавување е повисока доколку примената на неоснованата и прекумерна полициска сила се случила во полициската станица. Во тој случај, дури 52,17% од испитаниците кои сметаат дека биле жртви на вакво постапување, не го пријавиле случајот. Од тие кои пријавиле, ниту еден испитаник не го пријавил случајот на телефонот 192, а само еден испитаник, односно 4,35% од испитаниците кои одговориле, го пријавил случајот во полициска станица. Понатаму, 39,13% од испитаниците кои одговориле, случајот го пријавиле во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, а 4,35% дека се обратиле во невладина организација.

И во двата случаи, главната причина за непријавувањето е недовербата дека полицијата ќе го реши случајот. 64,70% од испитаниците кои не ја пријавиле примената на прекумерна и неоснована полициска сила надвор од полициска станица и 69,24%

од оние кои не ја пријавиле неоснованата и прекумерната полициска сила во полициска станица, ја наведуваат токму недовербата во полицијата како причина за тоа. Повторно, овој податок може да се толкува преку затвореноста на полициската станица и отсуството на потенцијални сведоци, поради што потешко би можело да се докаже применета на прекумерна или неоснована сила во полициска станица.

### (Не)Пријавување на неоснована и прекумерна примена на полициска сила




### Причини за непријавување на неоснована и прекумерна примена на полициска сила




Исто така, посебно загрижувачки е податокот за генералниот став на ЛГБТИ луѓето кон полицијата, каде дури 75,4% од испитаниците се изјасниле дека немаат доверба во полицијата дека ќе ги заштити нив и нивните права кога ќе имаат потреба од тоа. Понатаму, дури 90,33% од испитаниците не сметаат дека институциите не обезбедуваат доволно информации кои би им помогнале во процесот на самозастапување, практикување и одбрана на нивните права во областа на правната заштита, личната безбедност и заштитата од насилство.

# ПРЕПОРАКИ

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА:**

1. Со цел намалување на степенот на дискриминација врз ЛГБТИ заедницата и зголемување на довербата во институциите за решавање на проблемите со кои се соочуваат во секојдневното функционирање, потребна е сензибилизација на стручната служба која работи во институциите за Социјална заштита преку учество на обуки и тренинзи кои се однесуваат на недискриминација поради СОРИ.
2. Повисок степен на информираност на ЛГБТИ заедницата за правата и услугите кои можат да ги користат како дел од Социјалната заштита, преку изработка на информативни материјали и одржување на информативни средби. Овие активности би требало да бидат дел од Годишната програмата за работа на граѓанскиот сектор и институциите во Државата кои се занимаваат со прашањата и проблемите на ЛГБТИ заедницата и се дел од областа на Социјална заштита.
3. Децентрализација на граѓанските организации кои работат со ЛГБТИ заедницата надвор од градот Скопје, со цел поголема достапност на информации и услуги.
4. Развој на Програма за замозастапување на ЛГБТИ заедницата која би овозможила побрз трансфер на директни информации од лице на лице, кои би служеле за превенција од социјален ризик и социјална заштита на лицата кои се веќе во социјален ризик.
5. Обуки на учениците од основните и средните училишта во РМ за превенција од дискриминација врз ЛГБТИ заедницата и развој на повисок степен на толеранција за оваа маргинализирана заедница.

**ПРАВНИ УСЛУГИ:**

1. Сензибилизација на вработените во државните институции за прашања поврзани со ЛГБТИ заедницата преку информирање и обуки со цел спречување на двојна виктимизација на жртвите на насилство од страна на вработените во институциите.
2. Информирање на граѓаните за своите права во доменот на работните односи и забраната за дискриминација врз основа на Законот за работни односи како и Законот за спречување и заштита од дискриминација преку кампањи и јавни трибини.
3. Охрабрување на жртвите да пријавуваат случаи на насилство преку кампањи и одредување на отворени денови на кои ќе можат да се запознаат со работата на институциите со цел зголемување на довербата во истите.
4. Разработување на активистички јадра во градови низ целата република кои ќе можат да им понудат првична помош на жртвите со цел понатаму тие јадра да се развијат во НВО, со што би се постигнала дисперзија на невладиниот сектор кој се занимава со промоција и заштита на правата на ЛГБТИ луѓето.
5. Итно ставање крај на негативната кампања против НВО и тенденцијата истите да се дискредитираат со цел да се предизвика недоверба кај граѓаните.

**ПОЛИЦИСКО ПОСТАПУВАЊЕ:**

1. Спроведување обука на полициските службеници за сензибилизација за работа со ЛГБТИ луѓе.
2. Спроведување на специјализирана обука за полициските службеници за постапување во случаи на криминал од омраза сторен поради сексуалната ориентација и/или родовиот идентитет на жртвата.
3. Зголемување на соработката на Министерството за внатрешни работи со невладините организации кои работат на полето на заштита на човековите права на ЛГБТИ луѓето.
4. Спроведување на јавна кампања за јакнење на довербата на ЛГБТИ луѓето во Полицијата.
5. Спроведување на обука за самозастапување кај ЛГБТИ луѓето во ситуации на контакт со полициски службеници во било кое својство (осомничени, сведоци, жртви).